ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Градоначалник
Светозар Марковиќ" 1, 2320 Делчево Тел./Факс: +389(0)33 411 550 e-mail: info@delcevo.gov.mk
www.delcevo.gov.mk

Република С Македонија
УП 1 бр 08-17 од 08.06.2022 г Општина Делчево

Врз основа на член 35 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, 44/15,193/15,31/16,163/16,64/18 и 168/18), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), а согласно и донесената Годишна програма за изработување на урбанистички планови на Општина Делчево за 2022 година со Одлука бр. 09-2544/1 од 28,12,2021 година, од Советот на Општина Делчево, Градоначалникот на Општина Делчево донесе:

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

**За организирање на јавна презентација и јавна анкета за** Детален урбанистички план (ДУП) за УЕ2, дел од урбан блок 2.6 мај 2022 предлог план 2019-2024- Општина Делчево

Овој локалитет е дефиниран со следните граници:

- По осовина на улица Новопроектирана – североисточна страна
- По осовина на ул.Маршал Тито – југозападна страна
- По граници на КП 8761/4, КП8761/2, КП 8764, КП8766 – југоисточна страна

Површина од 5.08 ха
Улици во рамките на опфатот на планот се : улица Маршал Тито, Крушевска и ,, Новопроектирана,,

Одлуката за организирање на јавна анкета и јавна презентација за Урбанистичко-планската докуметација - Детален урбанистички план (ДУП) за УЕ2, дел од урбан блок 2.6 мај 2022 , предлог план 2019-2024 г- Општина Делчево ќе биде изложена на Огласна табла на Општина Делчево, на продавница ,, ЕУРО ТИМ,, во населбата, на веб страницата на Општина Делчево и на системот е - урбанизам.

Јавната презентација ке се одржи на ден 30.06.2022 г во просториите на Спомен дом ,АСНОМ,, ( сала на совет ) со почеток во 11:00 часот и почетокот на јавната презентација воедно ќе претставува и почеток на јавна анкета, а истата ке трае 10 работни дена, односно заклучно со 18.07.2022 година, а приемот на анкетни листови и информации за планот може да се добијат од 8,00 часот до 15 часот во просториите на Општина Делчево во архива или соба бр/5 како и преку системот е - урбанизам . Во наведениот период и време заинтересираните правни и физички лица ќе можат да пополнат и достават анкетни листови.

Заради обезбедување пристапност во увидот на граѓаните и правните лица планот ќе биде изложена на Огласна табла на Општина Делчево, на продавница ,, ЕУРО ТИМ,, во населбата, на веб страницата на Општина Делчево и на системот е - урбанизам.

**Општина Делчево**
**Градоначалник**
**Горан Трајковски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО